РЕВ1-97/23

## ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
## НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Снежана Ѓорѓиеска Зекирија - претседател на советот, Мирјана Радевска Стефкова, Владимир Стојаноски, Исамедин Лимани и м-р Катерина Георгиевска - членови на советот, во правната работа на тужителите Друштво за организирање на саеми и изложби СКОПСКИ САЕМ ДООЕЛ Скопје во стечај, Друштво за управување со недвижен имот САЕМ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје во стечај и Друштво за организирање саеми и манифестации ЕКСПО МЕДИА ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје, против тужениот Град Скопје, за стекнување без основ, вредност на спорот 110.190.494,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужениот, изјавена против пресудата на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-240/23 од 21.03.2023 година, на седницата одржана на ден 13.09.2023 година, донесе:

## П Р Е С У Д А

Ревизијата СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да им плати на прво и втторотужителот износ од 74.550,00 денари и на третотужителот износ од 65.418,00 денари, на име трошоци по повод поднесен одговор на ревизија, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Поголемото барање на прво и второ тужителот за надомест на трошоци за поднесениот одговор на ревизија, над досудениот износ, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот граѓански суд Скопје со пресуда ТС1-255/20 од 20.10.2022 година, во став 1 и 2 од изреката, делумно го усвоил тужбеното барање на тужителите спрема тужениот и го задолжил тужениот да им плати износ од 110.190.494,00 денари, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет процентни поени,

сметано од денот на поднесување на тужбата - 13.11.2020 година до исплатата. Во став 3 од изреката, судот го одбил како неосновано поголемото барање на тужителите за камата, и тоа на износ од 33.057.148,00 денари сметано од 29.01.2008 година, на износ од 12.855.558,00 денари сметано од 01.03.2008 година, на износ од 12.855.558,00 денари сметано од 02.04.2008 година, на износ од 12.855.558,00 денари сметано од 07.05.2008 година, на износ од 12.855.558,00 денари сметано од 03.06.2008 година, на износ од 12.855.558,00 денари сметано од 02.07.2008 година и на износ од 12.855.558,00 денари сметано од 02.08.2008 година, за сите претходно наведени износи до денот на поднесување на тужбата - 13.11.2020 година. Судот го усвоил барањето на прво и второтужителот за надомест на парнични трошоци и го задолжил тужениот да им плати парнични трошоци во износ од 165.670,00 денари, во рок од 8 дена од приемот на одлуката, а барањето за надомест на парнични трошоци на третотужителот делумно го усвоил и го задолжил тужениот да му плати 344.506,00 денари, а го одбил како неосновано поголемото барање, за разликата од досудениот до побараниот износ од 372.118,00 денари.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ТСЖ-240/23 од 21.03.2023 година жалбата на тужениот ја одбил како неоснована, а пресудата на Основниот граѓански суд Скопје ТС1-255/20 од 20.10.2022 година ја потврдил. Задолжен е тужениот да им ги надомести на првотужителот и на второтужителот трошоците по повод изјавениот одговор на жалба во вкупен износ од 49.701,00 денари, а одбиено е како неосновано поголемото барање на прво и второтужителот за надомест на парнични трошоци, за разликата од досудениот износ до побараниот. Задолжен е тужениот да му надомести на третотужителот трошоци по повод изјавениот одговор на жалба во износ од 65.418,00 денари.

Против пресудата на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-240/23 од 21.03.2023 година ревизија изјави тужениот, поради сторени суштествени повреди на одредбите од Законот за парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваните пресуди да се укинат и предметот да се врати на повторно судење пред првостепениот или второстепениот суд, или побиваните пресуди да се преиначат и тужбеното барање на тужителите да се одбие како неосновано во целост.

Прво и второ тужителот во одговор на ревизија, поднесен преку полномошникот Дарко Георгиев, адвокат од Скопје, ги побиваат наводите изнесени во ревизијата, со предлог ревизијата да се одбие како неоснована, а тужениот да се задолжи да им ги надомести трошоците по повод поднесениот одговор на ревизија.

Третотужителот во одговор на ревизија, поднесен преку полномошникот Димов Тодор, адвокат од Велес, ги побива наводите изнеени во ревизијата од тужениот, со предлог истата да се одбие како неоснована, а тужениот да се задолжи да му ги надомести на третотужителот трошоците по повод поднесениот одговор на ревизија.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по проучување на списите во предметот, наводите во ревизијата и во одговорите на ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на одредбата од член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е наводот во ревизијата за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка. Според Врховниот суд на Република Северна Македонија, побиваната пресуда со која е потврдена првостепената пресуда е јасна, разбирлива, истата содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при одлучувањето, па истата во целост може да биде испитана. Во оваа смисла, неосновани се и наводите во ревизијата дека првостепената пресуда, која е потврдена од страна на второстепениот суд е неспроведлива, од причина што во изреката не е јасно наведено на кој тужител колку е потребно тужениот да му исплати, за кој навод второстепениот суд дал образложени причини, со кои во целост се согласува и овој суд.

Според Врховниот суд на Република Северна Македонија, неосновани се и наводите во ревизијата за погрешна примена на материјалното право. Врз основа на утврдената фактичка состојба од првостепениот суд, која во целост е прифатена од второстепениот суд, правилно пониските судови го примениле материјалното право кога тужбеното барање на тужителите го усвоиле.

Имено, од доказите изведени во текот на постапката утврдено е дека Општина Гази Баба на тужителите им издала одобрение за градење бр.27-3475/5 од 31.01.2008 година, правосилно на 06.02.2008 година со кое на тужителите им се одобрува изградба на комерцијално деловен објект од трета категорија во Скопје, на ул.Беласица бр.2, на катастарските парцели конкретно наведени во одобрението. На ден 14.02.2008 година Општина Гази Баба на тужителите им издала одобрение за градење заведено под деловоден број 27-115/2, правосилно на 03.03.2008 година, со кое на тужителите им била одобрена изградба на инфраструктура на конкретно наведените катастарски парцели (мрежа за санитарна вода, противпожарна водоводна инсталација, хидратантна мрежа и др.), а на ден 14.02.2008 година на тужителите им издала и одобрение за градење бр.27-113/2, правосилно на 03.03.2008 година, со кое на тужителите им се одобрува изградба на улица и паркинзи. Пред да ги добијат одобренијата, на ден 19.12.2007 година, тужителите и тужениот склучиле Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште, со кој е определен надомест за уредување на градежното земјиште, односно за градежната парцела на која се однесуваат правосилните одобренија за градење во вкупен износ од 183.650.824,00 денари, со обврска за уплата на износ од 110.190.494,00 денари за тужениот и износ од 73.460.330,00

денари за Општина Гази Баба. Неспорно е дека тужителите го уплатиле износот од 110.190.494,00 денари на тужениот.

И покрај тоа што тужителите имале правосилни одобренија за градење, на наведените катастарски парцели биле преземени градежни работи од друг правен субјект, за што тужителите се обратиле и до градежната инспекција при надлежната општина со цел да добијат информација кој ја узурпирал градежната парцела и дали за изведување на градежните работи се издадени одобренија за градење на друг субјект. Општина Гази Баба донела решенија со кои ги огласила за ништовни претходно наведените одобренија за градење издадени на тужителите, и тоа Решение УП1.бр.28-562 од 13.11.2019 година, со кое го огласила за ништовно во целост одобрението за градење од 31.01.2008 година како и неговите правни последици, потоа решение УП1.бр.28-564 од 02.01.2020 година со кое го огласила за ништовно во целост одобрението за градење од 14.02.2008 година како и неговите равни последици и истиот ден со решение УП1.бр.28-563 со кое го огласила за ништовно одобрението за градење од 14.02.2008 година како и неговите правни последици. На градежната парцела за кој е платен надоместокот, кој сега е предмет на тужбеното барање, бил изграден објект од друг субјект, а не од тужителите.

Врховниот суд на Република Северна Македонија наоѓа дека врз основа на претходно утврдената фактичка состојба, пониските судови правилно го примениле материјалното право кога одлучиле како во изреката на првостепената пресуда, а повикувајќи се на член 199 од Законот за облигационите односи. Имено, според претходно цитираната одредба, кога дел од имотот премине на било кој начин во имотот на некое друго лице, а тоа преминување нема своја основа во некоја правна работа или во законот стекнувачот е должен да ја надомести вредноста на постигнатата корист. Според став 3 од истиот член, обврската за враќање односно за надомест на вредноста настанува и кога нешто ќе се прими со оглед на основот што не се остварил или кој подоцна отпаднал.

Овој суд се согласува со пониските судови дека со огласувањето за ништовни на одобренијата за градење издадени на тужителите, отпаднал и основот да тужениот ги држи уплатените парични средства во износ од 110.190.494,00 денари, примени како надомест за уредување на градежното земјиште на кое тужителите требало да градат врз основа на тие одобренија за градење. Со примена на претходно цитираната законска одредба, правилно одлучиле пониските судови кога го задолжиле тужениот да го врати износот од 110.190.494,00 денари, уплатен на име уредување на градежно земјиште на тужителите, а при тоа делумно го усвоиле барањето за исплата на камата на наведениот износ и го задолжиле тужениот да им плати на тужителите камата од денот на поднесување на тужбата - 13.11.2020 година до исплатата, од причина што тужениот со тужбата дознал дека отпаднал основот за задржување на уплатените средства, односно дека одобренијата за градење издадени на тужителите се огласени за ништовни.

CamScanner

Неосновани се и наводите во ревизијата по однос на активната легитимација на тужителите, во смисла дека друг правен субјект е сопственик на градежната парцела а не тужителите, од причина што, како што правилно прифатиле пониските судови, уплатата на паричните средства е извршена од страна на тужителите и тие се активно легитимирани за водење на предметната постапка за враќање на паричните средства кои ги уплатиле на име уредување на градежно земјиште.

При одлучувањето Врховниот суд на Република Северна Македонија го имаше предвид и наводот во ревизијата за застареност на побарувањето во смисла на член 360 од Законот за облигационите односи, меѓутоа најде дека истиот е неоснован. Ова од причина што со огласувањето за ништовни на одобренијата за градење, облигациониот однос заснован со договорот за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште престанал да постои по сила на закон, а со тоа отпаднал и основот за задржување на уплатените парични средства кои се предмет на овој спор. Имено, со донесувањето на решенијата со кои се огласени одобренијата за градење за ништовни и тоа решението од 13.11.2019 година, решението од 02.01.2020 година и решението од 02.01.2020 година, започал да тече рокот за застареност од пет години, па со оглед дека тужбата со која тужителите го побаруваат од тужениот износот платен на име надоместок за уредување градежно земјиште на име стекнување без основ е поднесена на 13.11.2020 година, правилно пониските судови оцениле дека приговорот за застареност е неоснован.

Поради претходно наведените причини, овој суд ги оцени како неосновани наводите во ревизијата за погрешна примена на материјалното право, односно по наоѓање на овој суд со правилна примена на одредбите од член 199 став 2 и став 3 од Законот за облигационите односи, правилно пониските судови одлучиле кога тужбеното барање делумно го усвоиле, односно го задолжиле тужениот да му врати на тужителот износ од 110.190.494,00 денари со соодветна законска казнена камата од денот на поднесување на тужбата до исплатата.

При одлучувањето овој суд ги имаше предвид и останатите наводи во ревизијата, меѓутоа најде дека истите се без влијание за донесување поинаква одлука, а истите веќе биле предмет на оцена во текот на постапката и за нив доволно образложени причини содржат побиваните пресуди, со кое образложение во целост се согласува и овој суд..

Поради претходно наведените причини следуваше да се одлучи како во изреката на оваа пресуда согласно одредбата од член 384 став 1 од Законот за парничната постапка.

Согласно одредбите од член 158 став 1 и 2 и член 160 став 1 од Законот за парничната постапка, во врска со член 8 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, како и

CamScanner

одредбите од Законот за судски такси, овој суд го задолжи тужениот да им ги надомести на прво и второ тужителот трошоците по повод поднесениот одговор на ревизија во износ од 74.550,00 денари, од кои износ од 63.180,00 денари за состав на одговор на ревизија со 11.370,00 денари зголемување на име 18% ДДВ, како и го задолжи тужениот да му ги надомести на третотужителот трошоците по повод поднесениот одговор на ревизија во вкупен износ од 65.418,00 денари, од кои 41.418,00 денари на име награда за состав на одговор на ревизија со 18 % ДДВ и такса за одговор на ревизија во износ од 24.000,00 денари.

Поголемото барање на прво и второ тужителот за надомест на трошоците по повод поднесениот одговор на ревизија, за разликата од досудениот износ на име состав на одговор на ревизија од 63.180,00 денари зголемени за 18% ДДВ до побараниот износ од 112.320,00 денари за состав на одговор на ревизија со зголемување од 18% ДДВ овој суд го одби како неосновано, бидејќи истото е превисоко поставено и не е во согласност со одредбите од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите

Пресудено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 13.09.2023 година под РЕВ1-97/23.

Претседател на советот - судија
Снежана Ѓорѓиевска Зекирија с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и: секретар

ЛД/ЕИ/

CamScanner